**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**АКАДЕМИЈА ЗА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ**
**ПАВЕЛ ШАТЕВ**

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

## на

# АКАДЕМИЈАТА ЗА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ

## за

# 2020 ГОДИНА

**jpacademy.gov.mk**

СОДРЖИНА


**ВОВЕДНО ОБРАЌАЊЕ ОД ДИРЕКТОРОТ НА АКАДЕМИЈАТА ........ 2**

**ЗАКОНСКА РАМКА ........ 3**

**АКТИВНОСТИ НА ОРГАНИТЕ НА АКДЕМИЈАТА ........ 4**

Управен одбор ........ 4

Програмски совет ........ 4

Директор на Академијата- активности и професионални ангажмани 2020 година ........ 5

**ОРГАНИЗАЦИОНА СТРУКТУРА НА АКАДЕМИЈАТА ........ 5**

**УПРАВУВАЊЕ СО ЧОВЕЧКИТЕ РЕСУРСИ ........ 5**

**ПОЧЕТНА ОБУКА ........ 6**

**КОНТИНУИРАНА ОБУКА ........ 8**

**СОРАБОТКА СО ДОМАШНИ ИНСТИТУЦИИ ........ 10**

**МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА ........ 10**

**КОМПЈУТЕРСКИ СИСТЕМ ........ 19**

**БИБЛИОТЕКА ........ 20**

**БУЏЕТ И ЈАВНИ НАБАВКИ ........ 20**

**СТАТИСТИКИ ........ 22**

**ЕВАЛУАЦИЈА ........ 24**

**ЈАВНОСТ ВО РАБОТЕЊЕТО ........ 25**




## ВОВЕДНО ОБРАЌАЊЕ ОД ДИРЕКТОРОТ НА АКАДЕМИЈАТА



Состојбата со пандемијата предизвикана од Ковид 19 ја одбележа цела 2020 година, поради што бевме принудени да го реорганизираме и адаптираме секојдневното функционирање на Академијата во согласност со новонастанатата ситуација. Ова подразбираше преземање соодветни мерки за заштита на вработените, и на слушателите на Седмата генерација коишто ја започнаа својата теоретска едукација во септември. За жал, во првата половина на 2020 кога се случи првиот налет на пандемијата работата се забави, но потоа повторно продолжи со солиден ритам, адаптиран на новите услови, пред сè со акцент на обуката – почетната и континуираната. Другите активности, што ги зацртавме во нашата програма за работа за оваа година и кои пред сè предвидуваа физичко присуство на учесниците беа откажани или видоизменети.

Сепак, гордо можам да изјавам дека Академијата соодветно и одговорно се справуваше со целокупната состојба. Поголемиот дел од активностите беа успешно реализирани, со доследно почитување на издадените препораки на Владата на Република Северна Македонија за заштита и превенција од ширење на вирусот.

*Силата е во тимот! Напорната работа секогаш дава позитивни резултати. Продолжуваме понатаму со успех!*

За разлика од изминатите години, во првото полугодие на 2020 година Академијата, користејќи ги можностите на информатичката технологија, преку онлајн платформи (ZOOM и сл.), успеа да реализира низа обуки, а некои од нив беа реализирани преку проекти со странски партнери со кои соработува Академијата.

Истовремено, редовно се одржуваа сите состаноци со Управниот одбор и со другите тела на Академијата, и беа запазени роковите за донесување на сите неопходни акти.

Во првото полугодие на 2020 година Академијата по повеќе од една година, реализирајќи го процесот на приемни испити и селекција, ги објави листите на избраните слушатели за VII генерација. Станува збор за еден долг процес за кој Академијата објави и детално соопштение на својата веб-страница во кое се образложени сите фази од спроведувањето на целиот испит, сè до создавањето на конечните ранг-листи. Радува фактот дека веќе кон втората половина на 2022 година од Академијата ќе произлезат 60 нови кандидати за судии и јавни обвинители.

Во согласност со утврдените потреби во судовите и во јавните обвинителства, во 2020 година Академијата распиша нов јавен оглас за прием на уште 97 слушатели на програмата за почетна обука. Тоа ќе биде најбројната генерација слушатели на почетна обука од основањето на Академијата. На огласот се пријавија вкупно 497 кандидати.

## ЗАКОНСКА РАМКА

Во текот на 2020 година, во однос на подзаконските акти Управниот одбор донесе правилник за измена и за дополнување на правилникот за полагање приемен испит во Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“, со што начинот за полагање на тестот за познавање на еден од трите најчесто користени јазици во ЕУ (англиски, француски, германски) се смени од електронски во писмен.

Управниот одбор исто така донесе и правилник за измена и за дополнување на правилникот за почетна обука, со што се изврши измена во теоретската настава, односно истата се подели во три модули. Исто така, со најновите измени на правилникот за почетна обука се воведоа и тестовите за тековна проверка на стекнатите знаења на слушателите на почетната обука, како и промена во соодносот на практичниот и теоретскиот пристап во теоретската настава, односно се воведе поголема застапеност на практичниот дел, во сооднос најмалку 60% пракса и 40% теорија.

## АКТИВНОСТИ НА ОРГАНИТЕ НА АКДЕМИЈАТА

- **Управен одбор**

И покрај посебните услови што беа воведени поради состојбата со пандемијата, Управниот одбор на Академијата редовно и навремено ги извршуваше своите обврски во согласност со Законот за Академијата. Во тековната година Управниот одбор одржа 9 (девет) седници на коишто се разгледуваа важни прашања од делокругот на надлежностите на Управниот одбор.

Управниот одбор во текот на 2020 година ја усвои завршната сметка на Академијата за судии и јавни обвинители за 2019 година и донесе годишен финансиски план на Академијата за судии и јавни обвинители за 2020 година, ја утврди листата на предавачи на Академијата за судии и јавни обвинители за 2020 година.

На предлог на Програмскиот совет, Управниот одбор утврди програма за приемен испит за 2020 година, и програма за почетна обука – теоретска настава за 2020/2021 година.

Во однос на подзаконските акти Управниот одбор донесе: правилник за измена и за дополнување на правилникот за полагање приемен испит во Академијата и правилник за измена и за дополнување на правилникот за почетна обука.

Бидејќи мандатот на претходната Комисија за приемен испит истече, Управниот одбор ја формираше новата Комисијата за приемен испит која тековно работи на овогодишниот приемен испит.

По доставените одлуки на Судскиот совет на Република Северна Македонија и на Советот на јавните обвинители за испразнетите судиски и јавнообвинителски места, Управниот одбор донесе одлука за објавување јавен оглас за прием на 97 (деведесет и седум) слушатели за почетна обука во Академијата, и постапуваше по жалбите против решенијата на Комисијата за приемен испит во фазата на административна селекција на пријавите на кандидатите.

Управниот одбор беше редовно информиран од страна на директорката за сите тековни активности во рамките на дејноста на Академијата при што разгледуваше повеќе важни прашања за ефикасно функционирање на Академијата и донесуваше заклучоци и одлуки од доменот на својата надлежност.

Поради истекувањето на законскиот мандат на дотогашните членови на 163. седница беше избран новиот состав на Управниот одбор.

- **Програмски совет**

Програмскиот совет на Академијата постапувајќи во рамки на своите законски надлежности, редовно одржуваше седници со кои претседаваше директорката на Академијата и на коишто беа утврдени следниве предлог-програми: предлог-програмата за приемен испит за 2020 година и предлог-програма за почетна обука – теоретска настава за 2020/2021 година. Програмскиот совет, исто така достави и предлог-листа на предавачи за 2020 година. Ова тело дискутираше и за бројни прашања во врска со квалитетот на актуелните обуки. Покрај редовните седници Програмскиот совет одржуваше и работни состаноци на кои ја верификуваше базата на прашања за потребите на приемниот испит. По завршувањето на испитната постапка на VII генерација, направи ажурирање на базата.

- **Директор на Академијата- активности и професионални ангажмани 2020 година**

Во законски предвидениот рок директорката до Управниот одбор достави Програма за работа на Академијата за 2020 година, со планираните активности и истата е усвоена од Управниот одбор на Академијата. Предвидените активности што се опфатени со Програмата беа целосно реализирани од страна на стручната служба на Академијата, во координација на директорката. Имено, и покрај состојбата со Ковид 19 директорката на Академијата во тековната година партиципираше во сите активности коишто беа реализирани од странските и од домашните партнери, и од поддржувачите на Академијата.

Директорката на Академијата, ги следеше сите препораки и мерки што беа издадени од страна на Владата на Северна Македонија во врска со заштитата и превенцијата од ширење на вирусот Ковид 19, па во согласност со тоа успешно го менџираше секојдневното функционирање на Академијата, притоа постојано создавајќи услови за нормално одвивање на сите активности.

Во рамки на своите дополнителни акитвности директорката на Академијата го даде својот личен придонес и преку своето редовно учество на седниците и состаноците што беа организирани од страна на телата во кои членува: Судскиот буџетски совет, Националниот управен одбор на Хоризонтал Фасилити за Западен Балкан и Турција 2019-2022, Управниот одбор на проектот за превенција и борба против трговија со луѓе на Советот на Европа, Управниот одбор на проектот „Правда за децата финансиран од УНИЦЕФ", работната група при Министерството за правда на Северна Македонија за изготвување на Законот за Академијата за судии и јавни обвинители, работната група за лингвистика на Европската мрежа за правосудна обука (EJTN).

Еден од позначајните ангажмани на директорката, покрај успешното менаџирање со процесот на приемот и со почетокот на обуката на новата генерација слушатели во VII генерација на почетна обука, како и со спроведувањето на новиот јавен оглас за прием на нови 97 кандидати за слушатели на VIII генерација, претставува и нејзината континуирана работа во групата којашто го подготвува новиот Закон за Академијата.

## ОРГАНИЗАЦИОНА СТРУКТУРА НА АКАДЕМИЈАТА



## УПРАВУВАЊЕ СО ЧОВЕЧКИТЕ РЕСУРСИ

Академијата посветува посебно внимание на развојот на нејзините човечки ресурси и на зголемувањето на бројот на вработените заради ефикасно и ефективно реализирање на барањата на правосудниот систем на Република Северна Македонија. Имено, недостатокот на вработени во Академијата беше нотиран години наназад скоро во сите извештаи на Европската комисија за напредокот на РСМ. Во таа насока Академијата презеде чекори за да се надмине ваквата состојба, па така веќе во 2019 година, во согласност со потребите се зголемуваше кадарот, а во 2020 г. успешно беа реализирани две нови вработувања што беа одобрени во 2019 г. – соработник за финансиско работење и сметководство, и соработник за спроведување на обуки од кривичната област. Во 2020 година беа одобрени финансиските средства и годишниот план за вработувањата во 2021 година.

Во 2020 година бројот на вработени беше 22, од кои 20 на неопределено и 2 на определено време.

Академијата во 2017 година се сертифицираше со ИСО-стандардот 9001:2015 во насока на подигнување на квалитетот на работењето и во тековната 2020 година беше извршена ресертификација со што беше утврдено дека Академијата работи во согласност со донесените процедури. Академијата ги следи заклучоците и препораките на Владата на РСМ, како и тековните потреби за промени во институцијата и постојано врши ажурирање на утврдените процедури и по потреба усвојува нови.

## ПОЧЕТНА ОБУКА

**“Професионална селекција на вистинските кандидати е клучот за успешно спроведување на реформскиот процес во правосудството на Северна Македонија„**

Во тековната 2020 година најголемиот предизвик за Академијата беше почетната обука. Имено, по период од една година Академијата го финализираше приемот на VII генерација слушатели на почетната обука. Спороведувањето на примениот испит во согласност со законските обврски преставуваше прилично обемен и долготраен процес. Но финално, Академијата во месец јуни ја објави конечната ранг-листа на примени слушатели. Покрај сите тешкотии што ги наметна пандемијата, Академијата овозможи успешен старт на новата VII генерација која едукативниот процес го започна со физичко присуство во простории што беа посебно приспособени во согласност со мерките и препораките на Владата на РСМ за спречување и ширање на Ковид 19, при што Академијата ги спроведе сите препорачани мерки. Затоа, освен што беше овозможена потребната дистанција помеѓу слушателите, беа набавени и заштитни маски со висок квалитет (КН-95), визери, средства за дезифекција на раце, мерачи на телесена температура, УВ-ламби и заштитни пултови.



Сепак, со развојот на состојбата, физичкото присуство беше заменето со комбиниран модел, при што на дел од слушателите им беше овозможено наставата да ја следат онлајн. Со разгорувањето на пандемијата, Академијата успешно обезбеди услови и техничка поддршка теоретската настава целосно да се одвива онлајн, при што во Академијатасе опреми просторија за предавачите со што им беше овозможено ефикасно да ги одржуваат часовите.



Теоретската настава за седмата генерација слушатели на почетната обука започна на 17 септември 2020 во согласност со новата Програма за теоретска настава и со измените и дополнувањата на правилникот за почетна обука што беа усвоени од Управниот одбор на Академијата. При организирањето на теоретската настава Академијата воведе новина што се однесува на концептот на предавањата (кој треба да содржи најмалку 60% пракса и 40% теорија). Имено, анализирајќи ја организацијата на наставниот процес во изминатите години, но и користејќи ги сумарните повратни информации на судиите и обвинителите при истражувањето што беше спроведено во рамки на анализата на актуелното позиционирање на институтуцијата и на нејзината улога во обуката на правосудниот кадар, што беше изготвена од Мисијата на ОБСЕ во Скопје, се увиде дека предавањата кои во поголем дел се базираат на пракса и на вежби се далеку покорисни за слушателите на почетна обуката. Затоа, Академијата со правилникот за теоретска настава го воведе овој концепт како обврска за предавачите на Академијата.

Во рамки на Програмата за почетна обука – теоретска настава, предвидено е изучување на 3 модула и тоа од граѓанското, кривичното и од меѓународното право. Во тек е спроведувањето на првиот модул во кој се изучуваат теми од областа на граѓанското, трговското, уставното, управното право, како и теми од информатичките технологии и од правното истражување и реториката со правното аргументирање. Исто така, како новина е воведено полагањето тест на крајот од секој посебен модул, потоа посветување на еден час неделно на актуелни теми од правната област со гости-предавачи, именуван како „Тема на неделата" за да се поттикнуваат стручна дебата или дискусија за актуелните теми од областа на правната практика, како и за учество во ХЕЛП програмата со обуки на различни правни теми, со чие успешно завршување и стекнување со сертификат на една или на повеќе такви обуки, кандидатите ќе бидат во состојба да се стекнат со бонус бодови од теоретската обука.

Во меѓувреме, Академијата на 24 септември 2020 година, во согласност со барањата на Советот на јавните обвинители и на Судскиот совет, објави оглас за прием на нови 97 слушатели за почетна обука. Од вкупно 497 пријавени кандидати, 484 ги исполнија формалните услови и се стекнаа со право да го полагаат тестот за познавање на еден од трите најчесто користени јазици во Европската Унија. Поради состојбата со корона вирусот, подготвителната настава за новата VIII генерација кандидати за слушатели се одржа по електронски пат на 4 ноември 2020 година. Тестот за познавање на еден од трите најчесто користени јазици во Европската Унија се полагаше во редовен термин и тоа на 28 и 29 ноември 2020 година, како и во

дополнителен термин за кандидатите што се наоѓаа во изолација поради Коронавирусот. Специфично за оваа година, во согласност со измените во правилникот за полагање на приемен испит, беше тоа што се полагаше писмено. Од вкупно 484 кандидати што имаа право да го полагаат тестот, успешно го положија 368 кандидати, 72 кандидати не го положија тестот, а 44 кандидати не се појавија на тестирањето. Потоа следеше полагањето на квалификацискиот тест во периодот од 22 до 27 декември 2020 година. Овој тест успешно го положија 330 кандидати, 26 кандидати не го положија, а 12 кандидати не се појавија на тестирањето. Против резултатите од квалификацискиот тест до Комисијата за приемен испит, беа поднесени вкупно 168 приговори.

До денес почетната обука на Академијата ја поминаа шест (6) генерации или поточно 130 кандидати, од кои 66 од нив ја извршуваат судската функција, а 64 јавнообвинителска функција.

Слушателите на почетната обука на Академијата во месец април 2020 година имаа можност во живо преку интернет да го следат првото онлајн рочиште што го спроведе Основниот суд од Кавадарци, што претставува поддршка на развојот на еден нов концепт во правосудството, а тоа е дигитализација на судските процеси.

Во согласност со Програмата за почетна обука 2020/2021 еднаш неделно се реализираа предавања именувани како „Тема на неделата“ на актуелни теми од правната област со гости предавачи, со што се поттикнуваше стручната дебата или дискусијата за актуелни теми од правната практика. Во пресрет на Европскиот ден на правдата, беше организрана „Тема на наделата“ посветена на поимите и на начелата на правото на ЕУ со што Академијата се приклучи на големиот број правосудни институции во Европа коишто се обидоа на креативен начин, во согласност со протоколите што важеа за сите земји во светот да го испочитуваат овој ден.

Во тековната 2020 година, во Програмата за почетна обука беше создадена и можност за опционално изучување на албанскиот јазик, на францускиот јазик – почетно ниво, на англискиот јазик – почетно и напредно ниво и на македонскиот правопис.

## КОНТИНУИРАНА ОБУКА

Глобалната здравствена криза предизвикана од Коронавирусот, се одрази и на дел од активностите на Академијата при спроведувањето на програмата што за континуирано усовршување на вештините и на знаењата на судиите и јавните обвинители. Академијата и покрај тоа, во соработка со меѓународни проекти и организации, со физичко присуство, во согласност со протоколите, повремено, организираше обуки во рамки на континуираната обука, надвор од Академијата при што бројот на ученици беше строго ограничен, во согласност со просторот каде што се одржуваа обуките. Заради исполнување на законската обврска на Академијта да обезбеди непречен тек на активностите за континуирана обука и да обезбеди услови за одржување обуки, паралелно на својата ЛМС платформа разви и постави повеќе курсеви што можат да се следат онлајн, на следниве теми: етика на судии, азил и миграција, етика на јавни обвинители, вести за борбата против тероризмот за, и во врска со Балканот, ЗКП – модул I предистражна постапка, ЗКП – модул II истражна постпака, ЗКП – модул III главна расправа, ЗКП – модул IV забрзана постапка и ЗКП – модул V вонредни мерки.

По извршената надградба на системот за управување со учењето (ЛМС), во октомври 2020 година советувањата што се реализираат во рамки на континуираната обука, Академијата целосно ги

спроведуваше онлајн. Со оглед на актуаелната ситуација во земјата предизвикана од пандемијата, Академијата целосно ја реализираше програмата за континуирана обука.




Програмата за континуирана обука опфаќа низа правни теми, со фокус на најактуелните области (како на пр. превенција на корупција, меѓуграничен криминал, сајберкриминало, ЕУ право, човекови права, трговија со луѓе и други слични теми) што се поврзани со, или навлегуваат во правната област. Сепак, програмата за континуирана обуката опфаќа и други теми што се особено важни за правните практичари, а не се поврзани директно со законите и со правото (на пр. менаџирање со судовите и јавните обвинителства, односи со јавност, етика, теми поврзани со економијата, психологијата, социологијата и сл.).

За да се спроведе програмата за тековната година, Академијата излегувајќи им во пресрет на судиите и на јавните обвинители, за да го исполнат својот законски рок, создаде низа можности преку креирање онлајн курсеви и оригнално дизајнирани модули што можат да се следат и по работното време. Овие онлајн можности ќе бидат признати како дел од задолжителната едукација.

Во својата работа Академијата применува различни методологии, но најчесто програмата се реализира преку организирање на семинари, конференции, советувања, учење на далечина. Овие методологии се базирани врз оригинални курикулуми што се посебно дизајнирани од страна на Академијата во соработка со нејзините предавачи.

Најголемиот дел од едукативните настани Академијата ги организира самостојно, при што се ангажираат национални правни експерти, но и професори од правните факултети во државата. Така, во 2020 година беа организирани вкупно 130 едукативни настани, на кои земааа учество вкупно 2 858 учесници, од кои: 1 392 судии, 647 јавни обвинители, и 819 претставници на други релеванти институции.

Заради целосна и успешна реализација на зацртаните активности во согласност со програмата, дел од едукативните настани Академијата ги реализира со помош на странски партнери и проекти коишто се посветени поддржувачи на работата на Академијата.

Во тековната година во соработка со странски партнери беа реализирани вкупно 95 настани, на кои присуствуваа 2051 учесници, од кои: 924 судии, 531 јавни обвинители, 214 стручни и 382 претставници на други релевантни институции.

Покрај програмата за задолжителна контиуниурана обука на судиите и јавните обвинители, Академијата развива и посебна програма со која се опфаќаат посебно стручните судски и јавнообвинителски службеници. Во 2020 година, во самостојна организација на Академијата, реализирани беа 2 обуки за судските и за јавнообвинителските службеници, со учество на вкупно 56 учесници, од кои 27 беа судски службеници и 29 јавнообвинителски службеници, на следниве теми: Примена на Законот за судска служба (вработувања во судската служба и унапредување на судските службеници); Case management - (Електронско водење на предметите во јавните обвинителства).

Во рамки на програмата за задоложителна контиунирана обука, Академијата редовно организира и специјализирани обуки што се наменети за претседателите и за шефовите на јавните обвинителства, како и за судиите на Управниот и на Вишиот управен суд. Во 2020 година организирани се вкупно 6

специјализирани обуки, од кои 3 за претседателите на судовите и 3 за шефовите за јавните обвинителства. За судиите на Управен суд и на Виш Управен суд беа организирани вкупно 13 обуки.

## СОРАБОТКА СО ДОМАШНИ ИНСТИТУЦИИ

**Министерство за правда и Министерство за информатичко општество и администрација**

Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев", Министерството за информатичко општество и администрација и Министерството за правда, врз основа на потпишаниот Меморандум за соработка, заеднички организираат дводневни советувања за Законот за општата управна постапка и Законот за управните спорови како поддршка и унапредување на процесот на имплементација на овие закони во практиката. Шестото од низата советувања што се реализираа изминатата година се одржа онлајн на 27 и 28 февруари 2020 година.

**Центар за правни истражувања и анализи (ЦПИА)**

Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев" во соработка Центарот за правни истражувања и анализи со поддршка на Британската амбасада во Скопје, во рамки на проектот „Административна правда по европски стандарди", којшто е поддржан од Фондацијата Отворено општество Македонија, организира две еднодневни советувања на тема „Водење јавна расправа во управното судство".

**Државен совет за превенција на детското престапништво и Комора на медијатори на РСМ**

Академијата за судии и јавни обвинители потпиша Меморандум за соработка со Државниот совет за превенција на детското престапништво и со Коморатa на медијатори на РСМ. Со Меморандумот се опфатени активностите со кои ќе се подигне свеста за прифаќање на медијацијата и за нејзина примена во случаите на децата што се во судир со законот и во согласност со Законот за правда на децата.

## МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Меѓународната соработка е есенцијален елемент во активностите на Академијата којашто вклучува организација на едукативни настани со странски експерти, програма за размена на судии и јавни обвинители, но и на слушатели на почетната обука, изготвување материјали, прирачници и организација на низа други активности. Целта на оваа соработка е да се подобри знаењето за европските правни инструменти, да се развијат јазичните вештини и да се изгради меѓусебна доверба меѓу судиите и обвинителите во Европа. Долга е низата на меѓународни поддржувачи и проекти со кои соработува Академијата. Во 2020 година позначајани активности беа реализирани во соработка со:

### АМБАСАДА НА САД ВО РСМ

Амбасадата на САД е повеќегодишен поддржувач на работата на Академијата и оваа соработка продолжи и во 2020 година. На почетокот на годината успешно беа реализирани две обуки од кои една е беше посветена на презумпцијата на невиност во праксата на ЕСЧП, а втората за обезбедувањето, собирањето и вештачењето на докази во е-форма).

Во соработка со Програмата ОПДАТ Академијата организираше онлајн советување на тема „Борба против криминал и корупција во време на пандемија“, што беше наменето за судиите и јавните обвинители од Северна Македонија, Хрватска, БиХ, Србија и Косово.

Во текот на 2020 година Академијата преку соработка и со финансиска поддршка од Програмата ОПДАТ при Амбасадата на САД во Скопје реализираше 4 обуки од кои 2 обуки беа онлајн.
Обуките ги опфатија следниве теми: Меѓународна соработка во кривична материја, Електронски докази и компјутерски криминал, Вовед во компјутерска форензика и Меѓународна правна помош од САД.
Академијата во соработка, и со финансиска поддршка од Министерството за правда на САД, преку Канцеларијата за развој, помош и обука на обвинители (ОПДАТ), организираше и онлајн обука на тема: „Меѓународна правна помош од Соединетите Американски држави“. Обуката беше достапна од 14.10.2020 година, и наменета за судиите од кривичните оддели, за јавните обвинители и за стручните соработници од сите апелациони подрачја како и за претставниците од Министерство за внатрешни работи. Обуката е разработена во три модула, и тоа:

Модул 1 - Фазата на кривичната постапка во кои САД може да пружат помош
Модул 2 - Основните типови меѓународна правна помош
Модул 3 - Говорот на омраза се смета за кривично дело

По успешно завршување на оваа обука, учесниците добија сертификати.

Во декември 2020 година Академијата за судии и јавни обвинители, Амбасадата на САД во Република Северна Македонија, Здружението за кривично право и криминалистика (ЗКПКМ) и CEELI Институтот во Прага организираа онлајн конференција посветена на онлајн судењата во време на пандемија со Ковид 19: „Легислатива, ИТ пречки и предизвици“, која всушност ги откри придобивките од онлајн судењата. Ваквите судења претставуваат новина кон која се стреми нашиот правосуден систем, всушност кон дигитализација на судството.

За Академијата од посебна важност во рамките на оваа соработка беше поддршката за развојот на веб-страницата на Академијата, која преку унапредувањето на одредени функционалности стана полесна за навигација и манипулирање, а истовремено овозможи и поефикасно функционирање на е-платформата.

## Канцеларијата на високиот комесаријат за бегалци на Обединетите нации – УНХЦР

Соработката помеѓу Академијата и УНХЦР успешно продоложи да се одвива и во тековната 2020 година. Имено, во согласност со потпишаниот Меморандум за соработка во изминатите години се реализирани низа активности чии продобивки се евидентни, посебно кога станува збор за правата за азил и за бегалците, па оттука и покрај отежнатите околности што имаат глобален импакт, Академијата и УНХЦР продолжија со својата работа. Академијата и УНХЦР во тековната година одржаа и состаноци коишто се дел од редовната комуникација на кои се разгледаа можностите за спроведување обуки во кои би биле вклучени странски судии кои постапуваат во случаи на азил, но кои ќе доаѓаат од држави што имаат слични правни системи на нашниот правен систем. Исто така, во рамките на III модул – Меѓународно и право на ЕУ за теоретска настава да се организираат предвања за азил, за слушателите на почетната обука на Академијата. Во однос на јавните обвинители, Академијата и УНХЦР предвидоа организирање на обуки посветени исклучително само за нив, но во рамки на тие обуки да се организираат и обуки за обучувачи, кои ќе се стекнат со стручна подготовка и со знаења кои подоцна ќе им ги пренесат на своите колеги, исто преку спроведување обуки од нивна страна. Новонастаната состојба со пандемијата ја наметна сѐ поголемата употреба на виртуелните платформи, односно, голем број од активностите се реализираат онлајн, па во таа насока, Академијата доби пристап до курсевите на УНХЦР што се постирани на платофрмата на Академијата и на истите можеа да се пријавуваат националните судии и јавни обвинители. УНХЦР во рамки на своите активности даде поддршка на процесот на создавање на е-библиотека, за која во рамки на соработката со Советот на Европа Акдемијата ќе добие и финансиска поддршка во 2021 година, а истовремено беше обезбеден и линк за

платформата ЗООМ со што истата може да се користи подолго од 45 минути, и на тој начин се олесени секојдневното функционирање на Академиајта при реализацијата на онлајн активностите. Истовремено, на една од редовните средби во тековната 2020 година беше разгледана и можноста за учество на националните судии во настаните што се организираат од страна на Меѓународното здружение на судии за азил.
Во соработка со Македонското здруженние на млади правници, Академијата и УНХЦР во декември 2020 година одржаа симулација на судење за предмет од областа на азилот преку дигитална платформа. По претходна подготовка на даден случај, слушателите на Академијата беа поделени во три групи и тоа група во улога на тужител, група во улога на тужен и група во улога на судиите кои ја спроведоа симулацијата на судење во согласност со новиот Закон за управни спорови.

Правото на азил, посебно, во време на моменталната состојба на пандемијата и глобалната здравствена криза предизвикана од Ковид 19, доби огромно винмание во светот, па оттука овој настан беше проследен со големо внимание и со посебен интерес од страна на слушателите.

Како дел од оваа соработка УНХЦР на Академијата во 2021 година ќе ѝ донира фотокопири и дополнителна техничка опрема.

## МИСИЈАТА НА ОБСЕ ВО СКОПЈЕ

Повеќегодишната соработката помеѓу Академијата и Мисијата на ОБСЕ во Скопје во 2020 година беше продолжена со потпишувањето на нов тригодишен Меморандум за соработка. Со Меморандумот се предвидува реализација на низа активности: како што е организација на едукативни настани за континуирана и за почетна обука, издавање публикации корисни за правните практичари во нашата земја, како и размена на експертски знаења и искуства заради унапредување на правосудството на РСМ и за поддршка на реформскиот процес на правосудниот систем.

Во рамки на оваа соработка реализирани се обуки на следниве теми: „Европските стандарди во врска со кривчините постапки во согласност со членот 5 и со членот 6 од Европската конвенција за човекови права (ЕКЧП)“. Беа спроведени 3 обуки во форма на тричасовни (сесии) што се одржаа на 13, 20 и 27 ноември 2020 година. Серијата сесии се реализираа преку соодветна онлајн платформа. Обуките беа наменети за судии и јавни обвинители кои работат на кривична материја, за предавачи и ментори од сите апелациони подрачја, но иствремено пријавените учесници беа од редот на предавачите, односно менторите на Академијата.

Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“, во согласност со Меморандумот за соработка помеѓу Академијата за судии и јавни обвинители Павел Шатев, Јавното обвинителство на Република Северна Македонија и Организацијата за безбедност и соработка на Европа (ОБСЕ), преку Канцеларијата за демократски институции и човекови права (ОДИХР), организирше две online советувања на платформата Webex meeting на теми: „Криминал од омраза“ и „Трговија со луѓе“. На двете обуки присуствуваа вкупно 35 учесници од сите апелациони подрачја.

Серијата обуки на тема: „Трговија со луѓе“- (Trafficking in Human Beings - Investigating and Prosecuting Cases Effectively Using Victim-Centered Approaches), беше организирана во соработка со Мисијата на ОБСЕ во Скопје и со Меѓународната асоцијација на обвинители во форма на пет (сесии), кои се одржаа на 15,22,29 октомври и 5 и 12 ноември 2020 година. Серијата од пет сесии се реализираа целосно online на соодветна online платформа на коишто учествуваа двајца јавни обвинители од 5-тата генерација (почетна обука). По завршувањето на обуките на пријавените учесници им беа доделени сертификати.

Академијата за судии и јавни обвинители во соработка и со финансиска поддршка на Мисијата на ОБСЕ во Скопје изготви сеопфатна анализа за системското позиционирање на Акдемијата и за нејзината улога во обука на чинителите на правосудниот систем. Анализата нуди детален преглед на сите аспекти од делокругот на Академијата како и резултати од спроведените анкети преку кои се мери и задоволството од

нејзината работа. Анализата е публикувана на три јазици: македонски, англиски и на албански јазик и истата беше достапна за пошироката јавноста на вебстраницата на Академијата.

## ЕВРОПСКА УНИЈА И СОВЕТ НА ЕВРОПА

- ***ХЕЛП Програма за обука***

На ден 18 февруари 2020 година (вторник), со почеток во 11ч. во хотелот Мериот во Скопје, се одржа средба за отпочнување на курсот „Права на заштита на податоци и приватност“.



Курсот е организиран од страна на Адвокатската комора на Република Северна Македонија, во соработка со Академијата за судии и обвинители, со поддршка на Советот на Европа и на Европската Унија. Курсот „Права на заштита на податоци и приватност“ е изготвен во рамки на Европската програма за образование за човекови права за правни професионалци во 28-те земји членки на ЕУ, позната и како „ХЕЛП во 28-те“, при што е издвоена посебна акција „ХЕЛП во Западен Балкан“. Се работи за програма на Советот на Европа со методологијата на ХЕЛП, финансирана од ЕУ и од Советот на Европа.

Курсевите на ХЕЛП им овозможуваат на правните професионалци подобро да ги штитат човековите права на национално ниво и да бидат информирани за стандардите и за судската пракса на Европскиот суд за човекови права, кои постојано еволуираат. Проектот „ХЕЛП“ е поддржан од Доверителскиот фонд за човекови права (Human Rights Trust Fund).

Во рамки на овој Проект беа реализирани 5 онлајн курсеви со учество на вкупно 64 учесници, од коишто 38 судии, 3 јави обвинители, 15 судски и јавнообвинителски службеници, 4 кандидати од 6 генерација почетна обука и 1 претставник од друга институција.

Во месец декември 2020 година Советот на Европа организираше и Регионална онлајн конференција „Заштита на сопственоста: ЕСЧП и судски предмети во национален контекст на земјите од Западен Балкан“. Целта на онлајн конференцијата беше да се обезбеди платформа преку која што чинителите од земјите на Западен Балкан ќе можат да дискутираат за предизвиците што се поврзани со уживањето на правото на сопственост што е заштитено во согласност со член 1, протокол 1 од Европската конвенција за човекови права. И покрај широкиот опсег прашања со коишто се соочуваат различните јурисдикции во регионот – од реституција на национализирана сопственост до неспроведување на судските одлуки што се во врска со остварувањето на правото за добивање пензија – Европскиот суд за човекови права со својата судска практика утврдува добро дефиниран пристап кон правото на сопственост и кон правните лекови што треба да бидат достапни за да се обезбеди истото. На конференцијата учествуваа претставници од уставните судови, врховните судови, апелациските судови, од министерствата за правда, од државните

институции за обука, потоа владините агенти што ја застапуваат државата пред ЕСЧП, адвокатските комори и професионалните здруженија на судии од Албанија, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Северна Македонија, Србија и Косово, како и претставници од Секретаријатот на Советот на Европа и Секретаријатот на Европскиот суд за човекови права.

Во регионален контекст Академијата во изминатата 2020 година се покажа како најуспешна во реализацијата на ХЕЛП-курсевите, со најголем број учесници на истите.

- ***<u>Хоризонтален инструмент за Западен Балкан и Турција II</u>***

Академијата за судии и јавни обвинители во рамките на Проектот за спречување и сузбивање на трговијата со луѓе од Хоризонталниот инструмент II на ЕУ и Советот на Европа за Западен Балкан и Турција организира две виртуелни презентации на истражување за правата на жртвите на трговија со луѓе во судски постаки што се одржаа во јуни и декември 2020 година.

Академијата во соработка и со финансиска поддршка на Советот на Европа организираше онлајн курс на HELP за борба против трговијата со луѓе и за заштита на жртвите. На 29 април се одржа „Kick off" настанот за отпочнување на онлајн курсот. Овој курс првенствено е наменет за правните професионалци (кривичните судии, обвинителите, адвокатите или за вишиот судски персонал) и за службениците од полициските и другите државни органи, како и за НВО секторот што работи со лица погодени од трговијата со луѓе. Курсот е осмислен да ги оспособи практичарите ефективно да ги применуваат стандардите што се развиени со Конвенцијата на Советот на Европа, за дејствување против трговијата со луѓе (Конвенцијата на СнЕ) во својата секојдневна работа. Курсот е изработен во рамки на Европската програма за образование за човековите права за правните професионалци (ХЕЛП) на Советот на Европа, со помош на методологијата на ХЕЛП. Курсот се реализираше во 9 модула, со траење од 5 месеци.

- ***<u>ЈУФРЕКС- Зајакнување на судската експертиза за слободата на изразување и за медумите во Југоисточна Европа</u>***

Академијата за судии и јавни обвинители во тековната 2020 година ја продоложи соработката со „ХИ 37 проектот": Слободата на изразување и слободата на медиумите во Северна Македонија (ЈУФРЕКС 2), што е дел од заедничката програма на Европската унија/Советот на Европа „Хоризонтален инструмент за Западен Балкан и Турција II", имплементирана од страна на Советот на Европа. ЈУФРЕКС 2 е резултат на успешено спроведените активности во рамки на ЈУФРЕКС преку неговите три компоненти: поддршка на правните професионалци, поддршка на надлежните за регулирање на медиумите и поддршка на медиумските чинители. На почетокот на ноември 2020 година со онлајн платформата ЗООМ беа организирани две обуки за слободата на изразување – едната беше наменета за веќе обучените обучувачи додека на втората покрај обучувачите присуствуваа и судии кои постапуваат во предмети од оваа област. Правосудството на РСМ нотираше дека има потреба од добро обучени судии и јавни обвинители кои умешно ќе го пренесат своето знаење на своите колеги во однос на членот 10 од Европската конвенција за човекови права, па оттука и фокусот на оваа соработката помеѓу Академијата и ЈУФРЕКС е на темата „Слобода на изразување". Веднаш потоа во декември (17 и 18) следеше уште една обука за обучувачи која исто така се реализраше преку онлајн платформа.

- ***<u>Инструмент за техничка помош и за размена на информации (TAIEX) на Европската Комисија</u>***

Академијата за судии и јавни обвинители Павел Шатев, во соработка и со финансиска поддршка на Инструментот за техничка помош и за размена на информации (TAIEX) на Европската Комисија, организираше работилница на тема „Трговско право и корпоративно управување во ЕУ" што се одржа во Скопје. Поради состојбата со Ковид 19, беше одржан уште еден едукативен онлајн настан, на тема:

**„Член 8 од ЕКЧП – право на почитување на приватниот и семејниот живот“.** Со одржувањето на последниот настан, Академијата ги реализираше сите апликации што беа одобрени во изминатите две години. Во текот на 2020 година, Академијата подготви и достави 3 TAIEX апликации со предлози за реализација на нови обуки, на следниве теми: „Искуства на државите во ЕУ во постапките на враќање пари стекнати со корупција (механизми на примена), „Заштита на деловната тајна во меѓународното право“ и „Постапка за утврдување дисциплинска одговорност на судија во земјите на ЕУ (позитивни искуства и практики)“. До крајот на 2020 година не е доставен одговор за одобрување или одбивање на апликациите.

Во тек е подготовка на уште 6 апликации на следниве теми: „Постапување и извршување по одлуките на ЕСЧП“, **„**Праксата на ЕСЧП во однос на пресуди од работен однос со акцент на дискриминацијата“, „Меѓународна соработка во кривична материја – екстрадиција со практични примери (различни аспекти)“, „Постапките за јавни набавки во ЕУ и улогата на OLAF“, „Форензички истраги и најдобрите практики на ЕУ (примена на нови научни методи)“ и „Поништување на штетни договори и постапката на Арбитражниот суд во Париз“.

- ***<u>ИПА – „Поддршка на реформите на правосудниот сектор“</u>***

Академијата за судии и јавни обвинители во соработка и со поддршка на ИПА-проектот „Поддршка на реформите на правосудниот сектор“ во текот на 2020 година организираше 8 обуки од кои пет обуки беа посветени на темата за „Менаџирање со судовите и јавните обвинителства“, на кои присуствуваа членовите на Судскиот совет и на Советот на јавните обвинители, претседателите на судовите и шефовите на јавните обвинителства. Идејата за овие обуки произлезе од поддршката на правосудството во следењето на новите трендови, во исполнувањето на новите задачи, и преку успешното раководење, стекнување доверба кај граѓаните и постигнување подобра ефикасност и подобрување на независноста и отчетноста. Една од обуките беше посветена на Деловникот за работа на Советот на јавните обвинители. Во текот на годината беше реализирана една пилот-обука за стратешко планирање и една обука за подготовка на стратешкиот план на апелационите судови Штип и Битола. Потребата за такви обуки е јасна во овие времиња на промена на пристапот до правдата и владеењето на правото, и заради недовербата на граѓаните во правосудството и корупцијата што преовладува во сите три одвоени гранки на власта. Стратешкото планирање е една од најважните раководни вештини што ја создава основата за годишното планирање и, што е најважно, дава уверлива аргументација за потребниот долгорочен буџет.



- ***DCAF***

Програмата на DCAF за реформа на безбедносно-разузнавачките служби во Република Северна Македонија во соработка со Академијата, како еден од проектните партнери, го реализираше проектот „Прирачник за спроведување на мерките за следење на комуникациите“. Целта на проектот беше зајакнувањето на судскиот и јавнообвинителскиот капацитет и експертизата во овластувањето и надзорот над употребата на посебните истражни мерки за собирање информации од страна на безбедносно-разузнавачките служби. Резултатот од оваа соработка, по една година, беше издавањето Прирачник, во декември 2019 година кој нуди практичен преглед на принципите и на постоечките стандарди со кои би се служеле правните професионалци во однос на барањето, овластувањето и надзорот при следењето на комуникациите. Содржините на Прирачникот преку анализа на меѓународните стандарди и на судската практика на Европскиот суд за човекови права нудат јасни и практични насоки за судиите и јавните обвинители во спроведувањето на овие мерки, како и за начините на собирање докази, притоа водејќи грижа за овластувањата.

По издавањето, на почетокот од 2020 година Академијата во соработка со DCAF организираше 4 промоциии на Прирачникот за спроведување на мерките за следење на комуникацијата, во сите четири апелациони подрачја.

Во октомври 2020 година беше спроведен курс за обучувачи за спроведување на мерките за следење на комуникациите. Целта беше да се создаде соодветен кадар што ќе спроведува обуки за судиите и јавните обвинители и за кандидатите за судии и јавни обвинители во Академијата, во однос на следењето на комуникациите. Обуката на обучувачи ја спроведоа тројца експерти што беа избрани да го оформат Прирачникот за обука на судии и јавни обвинители и Прирачникот за обука на кандидати за судии и јавни обвинители. Овие прирачници потоа се воведоа во курикулмите за континураната и за почетната обука.

На крајот од 2020 година, две групи се подготвуваа за обучувачи, и спроведоа две интерактивни онлајн работилници за Спроведување на мерките за следење на комуникациите. Овие работилници беа оценети како успешни од страна на судиите и јавните обвинители.

- ***EJTH***

Академијата и Европската мрежа за обуки во правосудството (EJTH) и во 2020 година ја продолжија својата соработка. На почетокот на годината од страна на EJTH до Академиајта беше испратен каталогот на обуки што се организираат од страна на EJTH, а на кои можеа да се пријават сите заинтересирани судии и јавни обвинители коишто ги исполнуваа потребните услови.

Во рамки на соработката со EJTH преку АИКОС-програмата им беше дадена можност да се пријават за обука новоизбраните судии и јавни обвнители, но и слушателите на почетната обука на Академијата. Па така, на овие обуки се пријавија вкупно 11 новоизбрани судии и јавни обвинители од редот на Академијата.

Заради пандемијата, сите предвидени активности од страна на EJTH беа организирани онлајн.

Академијата континуирано ги објавуваше сите вирутелни настани што беа организирани од страна EJTH за да им овозможи на судиите и јавните обвинители учество во меѓународните курсеви и обуки на кои тие активно го дадоа свој придонес, а истовремено имаа можност да бидат во чекор со промените што се случуваа на полето на правдата во Европа и пошироко.

Академијата останува отворена за соработката со сите меѓународни институции и тела, проекти и странски експерти, со правосудните академии ширум светот како и со сите почитувачи на правото и на судскообвинителската професија.

Академијата за судии и јавни обвинители Павел Шатев во тековната 2020 година беше вклучена во активностите на Европската мрежа за правосудна обука (EJTH), со што на судиите и јавните обвинители од Република Северна Македонија им овозможи да се приклучат и да присуствуваат на онлајн настани.

Во рамки на овој проект беа реализирани 7 обуки со учество на 64 учесници на следниве теми: „Научени лекции од светот за менаџирање со судовите во време на пандемија“, „Предизвиците во даночното право во време на пандемијата Ковид 19“, „Најважните одлуки на Европскиот суд на правдата за управното судство (судска пракса од областа на даночното право)“, „Најважните одлуки на Европскиот суд на правдата за управното судство (судска пракса од областа на државната помош)“, „Најважните одлуки на Европскиот суд на правдата за управното судство (судска пракса од областа на правото на заштита на околината)“, „Најважните одлуки на Европскиот суд на правдата за управното судство (судска пракса од областа на заштита на личните податоци)“, „Право на азил“.

- **<u>Европски институт за јавна администрација ЕИПА</u>**

Повеќе од 40 години ЕИПА е лидер во креирањетото и реализирањето на програмите за развој и обука во областа на јавната администрација во ЕУ. Нивната експертиза се гради врз специјално дизајнирани активности за учење, во кои често се вклучени студии на случаи и симулации на игри, што ја олеснуваат итеракцијата и коишто помагаат да се примени стекнатото знаење на практично ниво. ЕИПА има силни врски и мрежи со Европската комисија и со други релевантни институции во ЕУ со кои се овозможува суштински увид во најновите информации за политиката на ЕУ.

Академијата и ЕИПА имаат повеќегодишна успешно воспоставена соработка во чии рамки се реализирани низа настани во кои беа вклучени и странски експерти коишто ги споделија своите долгогодишни исуства со националните правни практичари на теми од областа на ЕУ-легислативата, од судската пракса на Европскиот суд за човекови праваи и од јуриспруденцијата на Судот на правдата на ЕУ, како што е настанот на тема „Право на сопственост – напредно ниво“ со учество на вкупно 14 учесници, од кои 13 судии, 1 стручен соработник, и настанот за „Компјутерски криминал и дигитална кривична правда“ со учество на вкупно 15 судии.

## <u>ГЕРМАНСКА ФОНДАЦИЈА ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА (ИРЗ)</u>

Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“ во соработка со Германската фондација за меѓународна правна соработка (IRZ) и со Управата за извршување санкции, а во рамки на твининг-проектот „Зајакнување на казненопоправниот систем и пробациската служба“ организираа 2 работилници на тема: „Алтернативни мерки и пробациски активности – предности, планирање и промовирање“ и советување на тема „Електронски надзор – примена во пракса“.

Исто така, во рамки на соработката помеѓу Академијата и ИРЗ беше организирано и советување на тема „Судство и медуми“.



Во декември 2020 година Академијата и Германската фондација за меѓународна правна соработка (IRZ) организираа и онлајн советување на тема „Унапредување на судските порамнувања во граѓанската постапка“ кое се одржа преку платформата ЗООМ.

Со соработката помеѓу Академијата и ИРЗ, се збогати библиотечниот фонд со нови наслови од областа на правото на ЕУ. За да се пресретнат потребите на правните професионалци во нивното напредување за одредени области на легислативата на ЕУ и на судската пракса на двата најголеми суда во ЕУ, Академијата достави нова дополнителна листа публикации што ќе бидат доставени во текот на 2021 година.

## АМБАСАДА НА РЕПБУЛИКА ФРАНЦИЈА

Амбасадата на Република Франција и Академијата имаат повеќегодишна успешна соработка што континуирано се унапредува. Преку Амбасадата започна соработката со Државната правосудна академија на Франција (ЕНМ) со која Академијата реализираше многу активности во рамки на почетната обука. Така се оствариja: размената на кандидати, размената на искуства и на материјали заради развивање поефикасни програми за реализација на почетната обука на Академијата. Исто така, Академијата еднаш годишно, традиционално е домаќин на еден кандидат од ЕНМ, којшто ќе реши да стажира во нашата држава. Имено, во Република Франција, стажот е задолжителен за идните судии и за јавните обвинители од ЕНМ и тие имаат можност да ја одберат земјата каде што ќе стажираат. На почетокот на 2020 година, г-ѓа Елса Пикет, кандидатка на ЕНМ беше во посета на Академијата и во согласност со нејзините интереси, Академијата изготви посебна агенда којашто опфаќаше работни посети и средби во сите релеванти правосудни институции на Република Северна Македонија. Исто така, во тековната 2020 година беа реализирани и онлајн часови за изучување на францускиот јазик наменети за судиите и за јавните обвинители од Северна Македонија.

## АМБАСАДА НА КРАЛСТВОТО ХОЛАНДИЈА

Академијата и Амбасадата на Кралството Холандија по воспоставената соработка во 2020 година потпишаа Меморандум за разбирање чија цел е успешна реализација на проектот „Медијација без дилеми“ кој го координира Институтот за европска политика ЕПИ, во соработка со Академијата, со Комората на медијатори и со Холандската федерација на медијатори.

Со потпишаниот Меморандум предвидено е развивање на институционализиран модул за обука, како дел од програмата за континуирана обука на Академијата за судии и јавни обвинители. Соработката се реализираше преку: трите серии обуки за медијација што се спроведуваат со соработка меѓу Академијата за судии и јавни обвинители и Холандска федерација на медијатори; преку промотивните настани и

конференции; со ангажирањето на холандски експерти во обуките на Академијата; преку спроведувањето на трите дводневни курсеви за обука за јакнење на концептот на медијација, во соработка со Комората на медијатори; преку тридневната студиска посета на Холандија, со која на холандските експерти им беше овозможено да им го пренесат на македонските медијатори, судии, на претставниците на Академијата за судии и јавни обвинители и на останатите засегнати страни за медијација know-how (искуството) и знаењето; преку организирањето конференции за медијацијата, заради нејзино промовирање како механизам за алтернативно решавање на спорови, како и за промовирање на проектот и на проектните резултати.

Во тековната 2020 година, во рамки на соработката помеѓу Академијата, Институтот за европска политика ЕПИ, Комората на медијатори на РСМ и Холандската федерација на медијатори беше одржан онлајн настан посветен на медијацијата со што се одбележа отпочнувањето на проектот „Медијација без дилема“. Реализцијата на овој проект е поддржана и финансирана од страна на Амбасадата на Кралството Холандија.

## КОМПЈУТЕРСКИ СИСТЕМ

Модерниот начин на живеење подразбира адаптирање на брзиот развој на информатичката технологија и искористување на придобивките што ги нуди. Академијата се обидува да ги следи сите промени на оваа поле притоа имплементирајќи ги оние алатки што носат поефикасно функционирање на самата институција, но и на нејзините корисници. Пандемијата предизвикана од Ковид 19 наметна целосно менување на дотогашните концепти на секојдневното работење и преориентирање кон масовна употреба на информатичката технологија.



Во таа насока се преземени чекори за зголемување на капацитетот и за подобрување на стабилноста на интернет-конекцијата, набавени се камери и други технички помагала што овозможуваат непречено одвивање на „онлајн“ наставата. Извршена е надградба на системот за управување со учење (ЛМС), а во тек се и подготовките за воспоставување е-библиотека/датабаза, што ќе биде достапна за корисниците на платформата на Академијата.

# БИБЛИОТЕКА

Збогатувањето на библиотечниот фонд, поголем пристап до релевантните бази на податоци заради унапредување на знаењето на правните практичари во нашата земја е еден од приоритетите на Академијата. Библиотеката на Академијата располага со голем фонд домашна и странска правна литература која постојано се обновува. Најчесто, странските партнери и поддржувачите на работата на Академијата ја збогатуваат библиотеката со исклучително значајни правни дела, но исто така библиотеката содржи и многу важни домашни правни текстови, донирани од домашните автори. Кон крајот на 2020 година Германската фондација за меѓународна соработка ИРЗ донираше неколку значајни наслови од областа на правото на ЕУ, како дел од активностите што се предвидени во соработката помеѓу Академијата и ИРЗ за 2019 година.

Во 2020 година, се изготви и предлог-листа за нови изданија од правната област што повторно ќе ги донира ИРЗ за Академијата. Во рамки на успешната соработка со Советот на Европа, во 2021 година е предвидено Академијата да добие финансиска помош за оформување електронска библиотека. Истата ќе биде составена од широк спектар на правна литература, билтени, резолуции, од највпечатливите домашни и меѓународни судски пресуди, од заклучоци, правни мислења за изедначување на судската пракса, од документи важни за правните професионалци. Интенцијата на Академијата е да создаде единствен електронски систем во Република Северна Македонија со широк опфат, надградуван на секојдневна основа, едноставен за употреба и лесен за пребарување. Со тоа ќе се овозможи лесен пристап до податоци за сите правни професионалци во државата, а главната придобивка е дека ова пребарување ќе биде поврзано и со меѓународната судска пракса.

# БУЏЕТ И ЈАВНИ НАБАВКИ

- **БУЏЕТ**

За 2020 година, на Академијата ѝ беше одобрен буџет во висина од 75.000.000,00 денари.

Од почетокот на 2020 година, заклучно со 31 декември 2020 година, Академијата има реализирано 38.511.870,00 денари од својот буџет.

| 2020 година | Одобрен буџет | Ребаланс на буџет за 2020 година | Реализиран буџет |
|---|---|---|---|
| 401 основни плати | 35.000.000,00 | 17.016.000,00 | 16.636.380,00 |
| 402 придонеси | 13.000.000,00 | 6.690.000,00 | 6.454.262,00 |
| 420 патни и дневни расходи | 2.500.000,00 | 350.000,00 | 254.738,00 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 421 комунални услуги | 3.000.000,00 | 2.700.000,00 | 1.901.399,00 |
| 423 материјали и ситен инвентар | 2.000.000,00 | 1.800.000,00 | 1.799.909,00 |
| 424 поправки и одржување | 900.000,00 | 810.000,00 | 233.285,00 |
| 425 договорни услуги | 15.100.000,00 | 9.690.000,00 | 9.673.249,00 |
| 426 други тековни расходи | 1.500.000,00 | 1.350.000,00 | 933.156,00 |
| 480 купување опрема | 2.000.000,00 | 900.000,00 | 625.492,00 |
| **Вкупно** | **75.000.000,00** | **41.306.000,000** | **38.511.870,00** |




Буџетот за 2020 по ребалансот изнесува 41.306.000,00

**Реализација на буџетот по години:**

**2007 30.863.168,00**

**2008 30.501.307,00**

| | |
|---|---|
| **2009** | **28.011.541,00** |
| **2010** | **26.001.060,00** |
| **2011** | **24.894.725,00** |
| **2012** | **17.031.915,00** |
| **2013** | **17.242.730,00** |
| **2014** | **26.720.285,00** |
| **2015** | **27.582.622,00** |
| **2016** | **28.462.712,00** |
| **2017** | **38.619.918,00** |
| **2018** | **41.253.444,00** |
| **2019** | **46.237.833,00** |
| **2020** | **38.511.870,00** |

## СТАТИСТИКИ

Софтверскиот систем за управување со процесите на Академијата претставува основна база на податоци за судиите и за јавните обвинители којашто Академијата ја користи во својата работа. Редовното ажурирање на податоците во базата е од исклучително значење за функционирањето на Академијата, особено во делот на предвидувањето и планирањето на потребниот број обуки по области, за да им се овозможи на сите целни групи да го исполнат задолжителниот број денови за обука, за тековната година.

Во поглед на статусот на судиите и на сите промени поврзани со нивната позиција, податоците се добиваат од електронскиот систем на податоци на Судскиот совет на РСМ, со кој е поврзана базата на Академијата.

Од Советот на јавните обвинители на РСМ се добиени податоци за статусот на јавните обвинители и тие се внесени во базата на Академијата.

Статистички податок за 2020 година, за реализираните обуки во рамки на Програмата за задолжително континуирано усовршување.


Исполнување на задолжителна континуирана обука во 2020 година
Вкупно судии и јавни обвинители
500
400
300
200
100
0
Исполниле задолжителни денови обука - 276
Не исполниле задолжителни денови обука - 440


Исполнување на задолжителна континуирана обука во 2020 година,
вкупно судии
350
300
250
200
150
100
50
0
Исполниле задолжителни денови обука - 187
Не исполниле задолжителни денови обука - 325


Исполнување на задолжителна континуирана обука во 2020 година,
вкупно јавни обвинители
140
120
100
80
60
40
20
0
Исполниле задолжителни денови обука - 89
Не исполниле задолжителни денови обука - 115

## ЕВАЛУАЦИЈА

Степенот на задоволството на учесниците од обуките, со што се упатува на: успешноста на обуката, на постигнувањето на целта, на умешноста на предавачите, на корисноста на материјалите, Академијата го мери преку прашалници, што ги дистрибуира на секоја обука.

Оценките на затворените прашања се даваат на скала од 1 до 6, при што 1 е најниската оценка која изразува целосно незадоволство, а 6 е највисока и изразува целосно задоволство.

Добиените податоци Академијата ги користи за континуирано подобрување на организацијата на обуките, потоа за изборот на теми за кои постои голем интерес, за изборот на оние предавачи коишто учесниците ги оцениле со високи оценки, а сето тоа да им се обезбедат најквалитетни обуки на целните групи.

Во текот на 2020 година прашалниците беа дистрибуирани на обуките од првото тримесечие, до почетокот на пандемијата. Приказот кој следува го опфаќа само овој период:












Оценки од прашалниците за судиите и јавните обвинители

## ЈАВНОСТ ВО РАБОТЕЊЕТО




Јавноста во работењето на Академијата се остварува преку редовното информирање за активностите, и тоа со поставување објави на интернет-страницата www.jpacademy.gov.mk, со објавување информации на огласната табла, но и со објавување на усвоените акти во „Службени весник на Република Северна Македонија“. За да се овозможат што повеќе достапни информации за јавноста и што полесен пристап до сите релевантни документи што ја рефлектираат работата на Академијата, сите нејзини корисници особено во текот на спроведувањето на јавниот оглас за VIII генерација слушатели во почетната обука беа упатувани да ја користат опцијата „често поставувани прашања“, преку која сите можат да поставуваат прашања што се поврзани со делокругот на Академијата и да добијат соодветен одговор. Исто така, заради транстаретно и навремено информирање на сите пријавени кандидати на јавниот оглас за прием на VIII генерација слушатели во почетната обука, Академијата креираше посебен дел на веб-страницата што се однесува на тековниот приемен испит на кандидатите за VIII генерација слушатели, каде што се објавуваат сите известувања, распоредите за полагање, резултатите од тестирањата, и сите останати новости што се поврзани со тековниот оглас за прием на 97 слушатели во Академијата.

Академија за судии и јавни обвинители

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА УПРАВНИОТ ОДБОР,

д-р Лазар Нанев